# ИЗВЕШТАЈ ПО ПРОГРАМА ЗА РАБОТА

# НА ЈП КАЛИН КАМЕН - КРИВА ПАЛАНКА

# ЗА 2023 ГОДИНА

Јавното Претпријатие за дистрибуција на природен гас и енергетски дејности „Калин Камен“ - Крива Паланка е основано заради вршење дејност од јавен интерес. Основано е од страна на Советот на Општина Крива Паланка и истото постои од 2009 година.

Претпријатието како приоритетна дејност под кое е регистрирано е “Изградба на патишта и автопати” но во својот делокруг на работа ги извршува и следниве дејности:

1. Дистрибуција на гасовити горива преку дистрибутивните системи
2. Трговија на гас преку дистрибутивните системи
3. Снабдување со пареа и климатизација
4. Поставување на инсталации за водовод, канализација и плин и инсталации за греење и клима уреди
5. Трговија на големо со цврсти, течни и гасовити горива и слични производи
6. Складирање на стока
7. Електоинсталатерски работи
8. Услужни дејности поврзани со копнениот превоз

Сите горенаведени дејности се усогласени со националната класификација на дејности и се запишани во Централниот регистар на Република Северна Македонија.

Иако претпријатието е формирано во 2009 година, со конкретна активност во оперативното работење започнува од октомври годинава со статутарните измени и заложбата на Општина Крива Паланка да обезбеди стабилна и по поволни услови електрична енергија за граѓаните на општината.

Во 2023 година, по одлука на Совет на Општина Крива Паланка од 2022 година, бр. 09-4665/5, претпријатието доби субвенција од буџетот на Општина Крива Паланка во износ од 2.304.311,00 денари со кои ги плати сметките за електрична енергија кои беа доставени од страна на ЕВН Хоме во износ од 2.145.316,00 денари за месеците октомври, ноември и декември 2022 година.

Со денесување на одлука од страна на Совет на Општина Крива Паланка за изменување и дополнување на одлуката за времено уредување на јавни површини на подрачјето на градот, одлука за изменување број 09-3718/29 од 30.09.2022, одржувањето и користењето на јавните паркиралишта, како и техничките и организациските работи, наплатата и надзорот над паркирањето на возилата и останатите работи и беа доделени на јавното претпријатие за дистрибуција на природен гас и енергетски дејности Калин Камен Крива Паланка.

Во 2023 година се оствари работен состанок со ЈП Паркинзи на Општина Центар заради собирање на искуство во врска со начинот на кој функционира целиот процес на зонско паркирање од самото изготвување на правилници, работата на електронскиот систем за наплата, потенцијални недостатоци кои можат да се јават во работењето и слично.

Претпријатието кон средината на годината направи 9 средби со граѓани кои гравитираат во централното градско подрачје во врска со концептот за зонско паркирање и тоа:

- Средби со граѓани од стамбените комплекси во зграда кај поранешен ресторан Балкан, стамбена зграда над слаткарница Спорт, стамбена зграда над сегашен Пани Маркет, стамбена зграда над сегашен Вип, стамбена зграда до ЛУ Градски Музеј, стамбена зграда над Македонски пошти, стамбена зграда спроти хотел Турист, стамбена сграда спроти ООУ Јоаким Крчовски и стамбена зграда “Осмокатница”

Покрај средби со граѓани се направи и една средба со претставници на бизнис секторот кој гравитира долж главната улица, од Осички мост до продавницата за техничка опрема – Сетек.

На средбите освен што се презентираше предлог концептот, граѓаните даваа и нивни идеи и дел од тие идеи се инкорпорирани во драфт правилниците.

Вкупно беа изготвени седум документи со кои се регулира зонското паркирање и тоа:

- предлог правилник за користење на јавни паркиралишта
- предлог правилник за организација и наплата
- предлог правилник за блокирање и деблокирање на возила и работа на пајак служба
- предлог правилник за заштита на лични податоци
- предлог правилник за повластени карти
- предлог ценовник за подигање на возило со пајак служба
- предлог ценовник за услуги и надоместоци за користење на јавните паркиралишта

Кон средината на годината се спроведоа две јавни анкети за запознавање и собирање на мислење за зонското паркирање, едно за цела територија на Крива Паланка и едно за жителите од централното градско подрачје.
Во самите анкети како опција имаше граѓаните сами да дадат коментари на концептот или да понудат алтернативно решение за решавање на сообраќајниот хаос во градот.

Во 2023 година исто така се изработи и план за јавни набавки преку кој беа предвидени основните потребни набавки со цел нормално функционирање на претпријатието како и неопходната инфрструктура за имплеменитрање на концептот за зонско паркирање во градот.

На Управен одбор на претпријатието се донесе измена на статутот на јавното претпријатие во врска со негово усогласување со новиот закон за јавни претпријатија.

.

Во делот на финансиите, на претпријатието од страна на Совет на Општина Крива Паланка му беа изгласани средства во вид на субвенционирање во износ од 1.200.000,00 денари но истите не се исплатени од буџетот на Општина Крива Паланка и истите, по основ на обврски, се предвидени во новата програма за работа за 2024 година.

ВД Директор,
Јорданчо Миневски